Врз основа на Предлог - Одлуката за промена на Статутот на КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД Друштво за осигурување на неживот Скопје бр.0202-10631/3-8 од 27.09.2013 година, Одлука од вонредно Собрание на акционери бр.0201-11618/3-8 од 28.10.2013 година, Одлука бр.0201-1807/5 од 04.03.2014 година, Предлог – одлука за промена на Статутот на Друштвото бр.0202-4790/13-7 од 26.05.2014 година, Одлука од вонредното Собрание на акционери бр.0201-5690/7 од 30.06.2014 година, Предлог – одлука за измена и дополнување на Статутот бр.0202-3491/11-11 од 03.04.2015 година, Одлука за измена и дополнување на Статутот од донесена на Собрание на акционери бр.0201-4165/11 од 28.04.2015 година, Одлука за измена и дополнување на Статутот од донесена на Собрание на акционери бр.0201-1002/4 од 13.02.2018 година, Одлука за измена и дополнување на Статутот од донесена на Собрание на акционери бр.0202-3588/11-3 од 29.06.2018 година , Одлука за измена и дополнување на Статутот од донесена на Собрание на акционери бр.0202-2083/1 од 16.03.2020 година, Одлука за измена и дополнување на Статутот од донесена на Собрание на акционери бр.0202-147/1 од 01.06.2021 година Одлука за измена и дополнување на Статутот донесена од Собрание на акционери бр.288/1 од 23.12.2022 година и Одлука за измена и дополнување на Статутот донесена од акционери бр.0202-40/1 од 28.02.2023 година а согласно член 418 од Законот за трговски друштва, Одборот на Директори на КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД Друштво за осигурување на неживот Скопје, на седница одржана на 08.11.2023 година го усвои следниот пречистен текст на:

# СТАТУТ
# НА КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ
# (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се уредува правниот статус, устројството, управувањето и други важни прашања на КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД Друштво за неживотно осигурување Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото).

## НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

### Член 2

Друштвото работи и учествува во правниот промет под називот:

- КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за неживотно осигурување

Скратениот назив ќе гласи:

- КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ – НЕЖИВОТ

Во правниот промет со странство Друштвото ќе и се пишува со латинско писмо: на англиски јазик

- **CROATIA INSURANCE – NON LIFE**

### Член 3

Седиштето на Друштвото е во Скопје, Ул.Јордан Мијалков бр.41, Центар, Република Северна Македонија.

## ПОДРУЖНИЦИ

### Член 4

Друштвото може да има подружници. Подружниците на Друштвото работат под називот на Друштвото и називот на подружницата, со назначување на седиштето на подружницата..

Подружниците можат единствено да вршат активности на продажба на осигурување, наплата, пријава на штети и други дејности поврзани со овие дејности. Сите други дејствија кои може да ги преземе Друштвото како правно лице се вршат од управата (седиштето) на Друштвото, освен ако не се делегираат на подружниците, за што одлучува Одборот на директори.

**ПЕЧАТ И ЗАШТИТЕН ЗНАК**

**Член 5**

Друштвото во правниот промет може да користи печат.
Одборот на Директори донесува одлука за формата, содржината и нумерацијата на печатите на Друштвото. Генералниот Директор одлучува за бројот на печати, начинот на употреба, чување и уништување.

**Член 6**

Заштитниот знак на Друштвото е дел од називот на Друштвото што се користи во правниот промет, како додаток во форма на цртеж со текстуален дел кој е ликовно графичка целина и тоа приказ на едностран цилиндер пресечен од десната страна. Под заштитниот знак се наоѓаат зборовите: КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ - НЕЖИВОТ. Заштитниот знак на Друштвото може да се употребува и во позитив и во негатив, а по правило е во сина боја.
Одборот на Директори донесува одлука за начинот на употреба на заштитниот знак и за неговата заштита во правниот промет.

**Член 7**

Друштвото може да го промени називот и седиштето врз основа на одлуката на Собранието на Друштвото, а на предлог на Одборот на Директори.

**ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ**

**Член 8**

Предмет на работење на Друштвото се следните дејности:

- неживотно осигурување,

Основна дејност на Друштвото ќе биде следната:
65.12 – Неживотно осигурување

**Член 9**

Друштвото ќе извршува работи на осигурување и тоа:

- Склучување и исполнување на договори за неживотно осигурување
- Склучување и исполнување на договори за осигурување на живот и неживотно осигурување;
- Склучување и исполнување на договори за соосигурување;
- Склучување и исполнување на договори за пасивно осигурување;
- Посредување во договарање на осигурување и реосигурување;
- Операции со фјучерс договори, опции, како и други слични финансиски инструменти, доколку истите се користат како обезбедување од ризици настанати како резултат на флуктуации на девизниот курс и каматните стапки;
- Снимање на ризици;
- Снимање и процена на штети;
- Посредување при продажба и продажба на остатоците од осигурени оштетени предмети;
- Воведување мерки за спречување, намалување и отстранување на штетите и ризиците кои претставуваат опасност во неживотното осигурување и
- Укажување на други интелектуални и технички услуги поврзани со работи на осигурување и реосигурување.

**Член 10**

Работите на осигурување Друштвото ќе ги извршува во рамките на следните класи:

1) Осигурувањето од последици на несреќен случај - незгода (вклучувајќи индустриски повреди и професионални заболувања), во случај на смрт или нарушување на здравјето поради повреда, покрива:
   - исплата на осигурената сума во еден целосен износ;
   - исплата на осигурената сума во рати;
   - комбинација на исплати од претходните два случаи;
   - исплата поради повреди, нарушување на здравјето или смрт на патници.
2) Здравствено осигурување кое не е покриено со задолжителното здравствено осигурување и тоа:
   - доброволно здравствено осигурување согласно со Законот за доброволно здравствено осигурување и/или
   - исплата на фиксни парични износи и/или
   - надоместок за покритие на други трошоци кои не се покриени со доброволното здравствено осигурување

3)Осигурувањето на моторни возила (каско) ги покрива штетите за:

- моторни возила со сопствен погон, освен шински;
- влечни патни возила.

Осигурувањето на шински возила (каско) ги покрива штетите настанати на шински возила.

3) Осигурувањето на воздухоплови (каско) ги покрива штетите настанати на воздухоплови.
4) Осигурувањето на пловни објекти (каско) ги покрива штетите настанати на речни или езерски пловни објекти.
5) Осигурувањето на стока во превоз (карго) ги покрива штетите или губиток на стока во превоз, вклучувајќи го багажот, без оглед на видот на транспортот.
6) Осигурувањето на имот од пожар и природни непогоди ги покрива штетите или губитоци на имот (освен штетите на имот предвидени со точките од 3 до 7 од овој член) во случаи на:
   - пожар,
   - експлозија,
   - луња,
   - природни непогоди освен луња,
   - земјиште што тоне или се лизга.
7) Други осигурувања на имот ги покрива штетите или губитоци на имот (освен штетите на имот предвидени со точките од 3 до 7 од овој член) поради град или мраз, и други штети освен оние од точка 8 од овој член (на пример во случај на кражба).
8) Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила.
9) Осигурувањето од одговорност од употреба на воздухоплови ги покрива штетите настанати од употреба на воздухопловот вклучувајќи ја одговорноста на сопственикот.
10) Осигурувањето од одговорност од употреба на пловни објекти ги покрива штетите настанати од употреба на пловните објекти вклучувајќи ја одговорноста на сопственикот.
11) Општо осигурување од одговорност го покрива осигурувањето од други одговорности освен оние од точките од 10 до 12 од овој член.
12) Осигурувањето на кредити покрива:
    - ризик од неплаќање (ненавремено плаќање) поради неликвидност или други околности;
    - извозни кредити и други ризици во врска со извозот, трговијата и инвестирањето на странски и домашен пазар;
    - кредити со отплата на рати;
    - хипотекарни и ломбардни кредити;

- земјоделски кредити, и
- други кредити и заеми.

13) Осигурување од финансиски загуби ги покрива финансиските загуби кои се јавуваат како резултат на:
    - ризик при вработување;
    - недоволен приход (општо);
    - временски неприлики;
    - загубен приход;
    - непредвидени општи трошоци;
    - непредвидени трговски трошоци;
    - загуба на пазарната вредност;
    - загуба на рентата или приходот;
    - индиректни трговски загуби освен оние наведени во претходните случаи;
    - други финансиски загуби (освен трговски), и
    - други видови на финансиски загуби.
14) Осигурување на правна заштита ги покрива трошоците за правна помош и судски спорови.
15) Осигурувањето на туристичка помош за лица кои се соочуваат со проблеми при патување или други случаи на отсуство од дома или од постојаното место на живеење.

**Член 11**
**(избришан)**

## ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО

**Член 12**

Друштвото може да има организациски единици кои се утврдуваат со акт за организациската структура на Друштвото.

**Член 13**

Актот за организациската структура на Друштвото го донесува Одборот на Директори.
Генералниот директор го носи актот актот за систематизација на Друштвото, во кој се дефинираат работните места (описот на работното место, платите, посебните услови за секое работно место и бројот на работници (вкупен и по поединечно работно место)).
Актот за систематизација на Друштвото мора да биде усогласен со актот за организациската структура на Друштвото.
Одборот на Директори донесува посебна одлука за работните места со посебни овластувања и одговорности.
Генералниот Директор склучува менаџерски договор со службениците со посебни овластувања и одговорности во Друштвото.

## ТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 14**

Друштвото се основа на неодредено време.

## ЗАСТАПУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 15**

Во односите кон трети Друштвото ќе го застапува и претставува Генералниот Директор, односно извршните членови на Одборот на Директори овластени од страна на Одборот на Директори.

**Член 16**

Лицето од член 15 од овој Статут е овластено да го застапува Друштвото согласно со овластувањата и ограничувањата наведени во овој Статут и во одлуката за именувањето, а се во согласност со Законот.

## АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ И АКЦИИ НА ДРУШТВОТО

**Член 17**

Акционерскиот капитал на Друштвото се изразува во евра.
Акционерскиот капитал на Друштвото изнесува 9.530.000,00 евра € (со букви: деветмилиониипетстотиниитриесетилјади евра).
Акционерскиот капитал е поделен на 95.300 обични акции.
Номиналниот износ на една акција е 100 Евра (со букви: сто евра).
Секоја акција дава право на еден глас во Собранието на акционери.

**Член 18**
**(избришан)**

**Член 19**
**(избришан)**

**Член 20**
**(избришан)**

**Член 21**
**(избришан)**

**Член 22**
**(избришан)**

**Член 23**

Во односите кон Друштвото акционер е лице кое во тоа својство е наведено во книгата на акции.
Својството акционер се докажува со потврда која ја издава Централниот Депозитар за хартии од вредност.

**Член 24**
**(избришан)**

**Член 25**

Стекнување на акции на Друштвото, директно или индиректно,се врши согласно Законот за хартии од вредност, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва и другите позитивни прописи на Република Северна Македонија.

**Член 26**
**(избришан)**

**Член 27**

Обичните акции им ги даваат на акционерите следните права:

- право на глас во Собранието на Друштвото

- право на исплата на дел од добивката (дивиденда)
- право на исплата на дел од ликвидационата односно стечајна маса на Друштвото.

**Член 28**

Одборот на директори на Друштвото може во текот на деловната година врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеца, ревидирани од страна на овластен ревизор да им исплати на акционерите аванс на име дивиденда.
Одборот на директори на Друштвото може да го исплати авансот на дивиденда само до износот на добивката којашто е остварена во периодот за којшто се исплаќа авансот на дивиденда, при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со статутот на Друштвото, за периодот за којшто се пресметува авансот на дивидендата, ако не се покриени загубите од претходните години, а тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.
За исплата на аванс на дивиденда потребна е согласност на сите неизвршни членови на Одборот на директори.

**Член 29**
**(избришан)**

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ

**Член 30**

Зголемувањето на основната главнина на Друштвото се врши на начини утврдени со закон.

**Член 31**
**(избришан)**

**Член 32**
**(избришан)**

**Член 33**
**(избришан)**

**Член 34**
**(избришан)**

**Член 35**
**(избришан)**

**Член 36**

Акционерскиот капитал на Друштвото може да се намали на начин и услови пропишани со Законот за трговски друштва, Законот за супервизија на осигурувањето и со други прописи кои се однесуваат на таа материја.

Одлуката за намалувањето на акционерскиот капитал ја донесва Собранието со мнозинство од најмалку три четвртини гласови кои се застапени во акционерскиот капитал во моментот на донесување на одлуката.
Со одлуката за намалување на акционерскиот капитал се одредува износот и начинот на намалувањето на акционерскиот капитал, целта на намалувањето и другите услови на намалувањето, согласно со Законот за трговски друштва.

**Член 37**

Најмалиот износ на акционерскиот капитал со кој Друштвото може да ја извршува својата дејност изнесува 3.000.000,00 Евра (три милиони евра)
Друштвото е должно да ја одржува вредноста на акционерскиот капитал.

## ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

**Член 38**

Друштвото ги има следните органи:

- Собрание
- Одбор на Директори
- Одбор за ревизија

**Член 39**

Органите на Друштвото за сите прашања од својот делокруг на работа и својата надлежност ќе донесуваат одлуки во добра вера и при тоа на најдобар начин ќе ги штитат интересите на Друштвото и за сите одлуки секогаш ќе настојуваат да постигнат спогодба, водејќи сметка за потребното мнозинство за донесување одлуки пропишано со законот и овој Статут.

## I. СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 40**

Акционерите на Друштвото своите права и интереси ги остваруваат во Собранието на Друштвото.
Членовите на Одборот на Директори можат да присуствуваат на работата на Собранието, но без право на глас, освен ако се акционери на Друштвото.
Собранието работи и одлучува на седници.

**Член 41**
**(избришан)**
**Член 42**

Собранието може да одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.
Собранието може да расправа без право на одлучување и за прашања кои не се ставени на дневен ред.

### Надлежност на собранието

**Член 43**

Собранието на Друштвото одлучува само за прашања кои посебно со законот или со овој Статут му се ставени во надлежност, а особено за:

- усвојување на Статутот на Друштвото и на неговите измени и дополнувања
- зголемување и намалување на акционерскиот капитал, освен во случај на одобрен акционерски капитал
- промени во правата на одредени родови акции
- именување и разрешување на членови на Одбор на Директори

- одобрување на работата на Одборот на Директори
- усвојување на годишната пресметка и донесување одлука за употребата на добивката
- именување на ревизор на годишната пресметка на Друштвото
- преобликување на Друштвото во друго друштво и престанување на Друштвото
- издавање обврзници
- статусни промени на Друштвото

**Член 44**

Годишното собрание го свикуваат извршните членови на Одборот на Директори, односно Генералниот Директор најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание.
Годишното собрание:

- ја испитува годишната пресметка и годишниот извештај и да донесе одлука за нив
- одлучува за употребата на чистата добивка односно за покритието на искажаната загуба
- донесува одлука со која се одобрува работата на членовите на Одборот на Директори.

Ако извршните членови на Одборот на Директори, односно Генералниот Директор не го свика Собранието на Друштвото на време, Собранието без одложување ќе го свика неизвршните членови на Одборот на Директори.

**Член 45**

Кога тоа го бара интересот на Друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни собранија, може да се свика вонредно Собрание на акционери.
Извршните членови на Одборот на Директори, односно Генералниот Директор или неизвршните членови на Одборот на Директори со мнозинство гласови од своите членови, можат, кога тоа е предвидено со овој Статут и закон, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесат одлука за свикување Собрание.

**Член 46**

Барање за свикување на Собранието на акционерите можат да поднесат и акционерите чиј заеднички удел во Друштвото изнесува најмалку 1/10 од акционерскиот капитал.
Барањето се поднесува во пишана форма со наведување на целта и причините за свикување на Собранието, до извршните членови на Одборот на Директори, односно Генералниот Директор, во седиштето на Друштвото.

**Член 47**

Одборот на Директори, односно Генералниот Директор, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување Собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено.
Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Одборот на Директори, односно Генералниот Директор, не свика собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување собрание до судот.

**Член 48**

Ако Одборот на Директори, односно Генералниот Директор, односно неизвршните членови на Одборот на Директори не донесат одлука во рокот од ставовите 1 и 2 на членот 47 или не го прифатат барањето за свикување собрание, судот по предлог може да донесе одлука да се свика собрание.
Трошоците за одржување на Собранието ги сноси Друштвото, како и судските трошоци ако судот го одобри барањето за свикување.

**Член 49**

По завршувањето на секоја деловна година Собранието на Друштвото задолжително одлучува за одобрувањето на работата и за водењето на работењето на Друштвото од страна членовите на Одборот на Директори. За одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори се гласа поединечно за секој член.
Расправата за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори мора да биде поврзана со расправата за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година.
Собранието на Друштвото дава одобрение за начинот на кој се остварува управувањето со Друштвото од страна на членовите Одборот на Директори.
Ако Собранието не ја одобри работата на членовите на Одборот на Директори или на некој од членовите поединечно, Собранието може да одлучи на истата седница да пристапи кон избор на сите членови на Одборот на Директори или кон избор на нови членови на местото на оние на кои Собранието не им ја одобрило работата.
Собранието може да одлучи членовите на Одборот на Директори на кои им ја одобрило работата да продолжат да ги вршат неодложните работи во друштвото до изборот на полниот состав на овие органи што се врши на продолжена седница што се одржува во рок не пократок од осум дена и не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на датумот на којшто ќе продолжи седницата на годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во дневен весник.
Одобрението на работата на членовите на Одборот на Директори не го спречува поставувањето на барањето за надоместок на штетата.

**Член 50**

Секој акционер има право да учествува во работата на Собранието и да гласа во Собранието, ако со законот не е поинаку одредено.
Акционерот кој е правно лице го претставува лице кое е законски застапник на тоа правно лице или од законскиот застапник ополномоштено лице.
Акционерот на Собранието може да го застапува лице кое тој ќе го ополномошти со писмено полномошно заверено кај нотар.
Полномошното се доставува во седиштето на Друштвото најдоцна 3 (три) дена пред денот на одржување на Собранието.

**Член 51**

Собранието на Друштвото се свикува со покана или со објавување јавен повик или со покана и со објавување јавен повик до акционерите.
Кога Собранието се свикува со праќање покана, поканата се праќа до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на собранието коешто се свикува.
Поканата за учество на Собранието на Друштвото мора да ги содржи сите потребни елементи согласно со законот, а особено:

- Назив и седиште на Друштвото
- Место и датум на одржување на Собранието

- Други податоци пропишани со овој Статут кои се значајни за присуствувањето и начинот на гласање на акционерите на Собранието
- Одредби на овој Статут со кои се одредуваат критериуми односно услови за именување на полномошник на акционер на Собранието
- Дневен ред
- Начинот на кој што се достапни материјалите за Собранието кое е свикано.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието

**Член 52**

Еден или повеќе акционери чиј заеднички удел во акционерскиот капитал изнесува најмалку 5% од тој капитал можат во пишана форма да бараат на дневниот ред на Собранието на Друштвото, кое веќе е свикано, да се вклучи една или повеќе точки.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до органот кој го свикува, во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието на друштвото.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на свикано собрание, органот кој го свикува, го испраќа до сите акционери, односно го објавува на ист начин на којшто ги испратил поканите, односно на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување.

**Член 53**

Акционерите кои сакаат да учествуваат и гласаат на Собранието на Друштвото должни се своето учество да го пријават во Друштвото најдоцна пред одржувањето на Собранието.

**Член 54**

Седниците на Собранието се одржуваат по правило во седиштето на Друштвото, а можат да се одржат и во друго место, за што одлука донесува Одборот на Директори.

**Член 55**

Се додека бројот на акционери е под десет, Друштвото ќе доставува материјал за одржувањето на Собранието до секој акционер. Во сите други случаи акционерите имаат право на увид во сите материјали подготвени за одржувањето на Собранието во седиштето на Друштвото. Акционерите исто така имаат право да добијат препис на материјалите на сопствен трошок.

**Член 56**

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

Ако на Собранието не е обезбедено присуство на акционери кои би го осигурале кворумот наведен во ст. 1 на овој член, ќе се закаже нов термин за одржување на Собранието (презакажано Собрание) кое ќе се одржи не подоцна од 15 дена од денот на кога е закажано одржувањето на Собранието кое немало кворум за работа.

На тоа Собрание, може за прашањата кои се утврдени со дневниот ред за Собранието на кое немало кворум, да се одлучува без оглед на бројот на присутни акционери односно бројот на акции кои тие ги

имаат, освен за прашања за кои со законот е предвидено одлучување со потребното мнозинство на гласови.

**Член 57**

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас, претставени на Собранието, освен ако со законот или со овој Статут не е посебно одредено поинаку за поедино прашање.

**Член 58**

Гласањето по правило е јавно.
Гласањето со кое се одлучува за именувањето и разрешувањето на извршните членови на Одборот на Директори односно за одговорностите на членовите поединечно е јавно освен доколку не биде побарано тајно гласање согласно став 3 од овој член.
Тајно гласање се извршува и во случај ако тоа го бараат еден или повеќе акционери кои имаат акции кои претставуваат најмалку една десетина од вкупниот број на акциите со право на глас.

**Член 59**

Одлуките на Собранието стапуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако нивното стапување во сила не е одложено за одредено време согласно со одлуката на Собранието односно со Законот.
Одлуките што се однесуваат на измена на Статутот, зголемување и намалување на акционерскиот капитал, преобликување и престанување на Друштвото, како и именување и разрешување на Одборот на Директори, мора да се запишат во трговскиот регистар.

**Член 60**

Седниците на Собранието ги отвора и води Претседавач кој го определува редоследот на работата, го одржува редот на седницата и слично.
Претседавачот го бира Собранието со мнозинство од присутните гласови за секое одделно Собрание, со мандат до изборот на претседавачот на наредното Собрание.
За претрседавач може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер, а кое не е член на Одборот на Директори.

**Член 61**

Пред почетокот на одржувањето на Собранието, Претседавачот или органот на управување изготвува список на пријавени акционери во кој се внесува името (фирмата) и адресата (седиштето) на акционерот односно неговиот застапник, бројот на акциите и бројот на гласови кои му припаѓаат и слично.
Списокот се става на увид во седиштето на Друштвото.
Претседавачот на Собранието или органот на управување пред почетокот на седницата, го споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.
Пред почетокот на одржувањето на Собранието, списокот од ставот 3 на овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на Собранието (верификуван учесник на собранието).
Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат Претседавачот со Собранието и записничарот. По заверката на списокот Претседавачот со Собранието го констатира кворумот за работа.
Заверениот список од ставот 5 на овој член им се дава на увид на сите учесници на Собранието пред првото гласање. Секој акционер може да побара препис на пописот на присутните на свој трошок.

**Член 62**

Секој акционер може на Собранието на Друштвото да побара известување за состојбата на Друштвото и за неговите односи со другите друштва, ако таквото известување е нужно заради објективна процена на прашања за кои се одлучува на Собранието.

Акционерот на кого не му е дадено известувањето може да бара во писмена форма, неговото барање и причините поради кои известувањето не му е дадено да се внесат во записникот на Собранието.

Акционерот на кого не му е дадено известувањето може да бара заштита на своето право на известување од судот. Предлогот се поднесува во рок од 15 дена од денот на одржувањето на Собранието.

**Член 63**

За работата на Собранието на Друштвото се води записник кој ги содржи следните податоци:

- назив и седиште на Друштвото
- датум, време и место на одржување на Собранието
- име и презиме на Претседавачот на Собранието, име и презиме на записничарот и имиња на лицата кои ги бројат гласовите ако се именувани
- најзначајните делови на расправата како и поднесените предлози
- одлуките, вкупниот број на гласови, бројот на гласови за одлуката бројот на гласови против одлуката и бројот на воздржани гласови
- оградувањето на акционерите односно на членовите на Одборот на Директори од некоја одлука, ако поднеле приговор односно изразиле протест, а барале тоа да се внесе во записник.

Доколку записникот не го составува нотар, истиот го составува записничар, а го заврувааат најмалку двајца заверувачи на записник.

За записничар и заверувачи на записник, не може да биде избран член на Одборот на Директори, ниту Претседавачот со Собранието.

Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и Претседавачот со Собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.

Секој акционер може да бара од извршните членови на Одборот на Директорите, издавање копија на записникот од Собранието, на негов трошок. Трошокот не може да биде поголем од стварните трошоци.

Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишува нотарот и Претседавачот со Собранието. Копијата од ставот 4 на овој член ја дава нотарот кој го водел записникот.

Записниците со прилозите од Собранието на Друштвото се чуваат најмалку десет години.

**Член 64**
**(избришан)**

## II. ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО

**Член 65**

Управувањето со друштвото е организирано според едностепениот систем, Одбор на директори. Одборот на Директори, во рамките на овластувањата што изречно му се дадени од Собранието, управува со Друштвото. Одборот на Директори има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето и дејствувањето во сите околности од името на

Друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на Одборот на Директори.

Одборот на Директори донесува одлуки коишто го обврзуваат Друштвото во висина над 15.000,00 евра, пресметани во денарска проттиввредност на денот на правната работа/работи, за работи кои не се однесуваат на дејноста осигурување. За работи од дејноста осигурување Одборот на директори со своја одлука е должен да ги утврди ограничувањата за самостојно одлучување на извршниот директор.

Пресметката дали вредноста на правната работа е над или под вредноста од став 2 на овој член се прави по следните правила :

- во износот се вклучени и даноците, царините, акцизите, таксите и сите други јавни давачки кои може да бидат наметнати;
- износот се смета по правна работа или по низа на посебни правни работи склучени со исто лице или со него поврзани лица во текот на една календарска година. За поврзани лица се сметаат оние кои согласно Законот за супервизија на осигурување или Законот за трговските друштва се утврдени како такви.
- За правни работи без однапред утврдена вредност - врз основа на проценетата вредност предложена од страна на стручните служби на Друштвото а потврдена од Генералниот директор за периодот на важење на правната работа, но не за период подолг од една година;
- За правни работи кои се со повремени давања вредноста е пресметана како збир на повремените давања за периодот на важење на правната работа, но не за период подолг од една година;

За правните работи чија вредност е утврдена дека е под 15.000 евра, одлука донесува Генералниот директор.

**Член 66**

Одборот на директори има 4 членови, од кои еден извршен и три неизвршни членови.

Најмалку една третина од неизвршните членови на Одборот на Директори мора да бидат независни членови.

**Избор на членови на Одборот на Директори**

**Член 67**

Кандидат за избор на член на Одборот на Директорите може да предложи акционер кој претставува најмалку 1/10 (една десетина) акции со право на глас од вкупниот број на акции на Друштвото.

Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на Собранието со закон и со овој Статут, со мандат од четири (4) години.

При изборот на членовите на Одборот на Директори се назначува кои членови се избираат како независни членови на Одборот на директори. Независните членови на Одборот на Директори се избираат од редот на неизвршните директори.

**Член 68**

За член на Одборот на Директори може да биде избрано само физичко лице кое е деловно способно, и кое ги исполнува условите предвидени со посебен закон.

Пред да се пристапи кон избор на член на Одборот на Директори, за секој кандидат, во писмена форма, се објавуваат податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на

управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема друштвото.
Податоците утврдени во ставот 3 од овој член им се доставуваат на акционерите најдоцна седум дена пред Собранието да пристапи кон избор. Податоците се достапни на секој акционер.
Одлуката на Собранието за избор на членовите на Одборот на Директори, односно на негов член поединечно, влегува во сила од денот на донесувањето а произведува правно дејствие по добивањето на согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување. Пријавата за упис во трговскиот регистар на избраниот Одбор на Директори, односно на негов член ја поднесува лицето определено со одлука на Собранието.

**Претседател на Одборот на Директори**

**Член 69**

Одборот на Директори, од редот на своите неизвршни членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на своите членови, избира Претседател на Одборот.
Одборот на Директори може да го разреши Претседателот во кое било време и да избере нов Претседател.
Претседателот на Одборот на Директори ги свикува и претседава со состаноците, одговорен е за водењето евиденција за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и одлучување на Одборот на Директори.
Ако Претседателот од кои и да е причини не е во можност да ја врши својата функција или ако е отсутен, со состаноците на Одборот на Директори претседава друг неизвршен член, со мнозинство гласови на присутните членови на Одборот на Директори.

**Кворум за работа на Одборот на Директори и одлучување**

**Член 70**

Одборот на Директори работи и одлучува на состаноци.
Одборот на Директори, во текот на годината, задолжително одржува најмалку 4 редовни состаноци и тоа на секои 3 месеца, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на годишното Собрание.
Одборот на Директори може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови.
Гласот на Претседателот на Одборот на Директори, а во негово отсуство на Претседавачот кој е овластен од Претседателот да го заменува, е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.
Одлуките на Одборот на Директори влегуваат во сила од денот на нивното донесување, освен ако со закон поинаку не е определено.

**Член 71**

Одборот на Директори одржува состанок кога тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.
Секој член на Одборот на Директори, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од Претседателот да свика состанок на Одборот на Директори.
Ако членот кој барал свикување на состанок добие поддршка од најмалку една третина од членовите на Одборот на Директори за свикување состанок, Претседателот мора да свика состанок во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето.

Свикувањето на состанокот се врши со известување до сите членови на Одборот на Директори, што е вообичаено за свикување на состаноците на Одборот на Директори, во коешто се наведуваат причините, времето и местото на одржувањето на состанокот.
Одборот на Директори донесува Деловник за работа во кој подетално ги регулира прашањата за начинот на свикување, раководење на седниците на Одборот на Директори, известување на членовите и слично.

**Член 72**

Членовите на Одборот на Директори, можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок можат да се слушаат или да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите состаноци се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.
Учеството на состанокот се запишува во записникот на Одборот на Директори, кој го Потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот, организиран на начин од ставот 1 на овој член.

**Член 73**

Одборот на Директори може да одлучува и без одржување состанок.
Одлуката донесена без одржување состанок на Одборот на Директори, се смета за усвоена ако сите негови членови дадат согласност за таквата одлука.
За сите одлуки донесени на начин од ставот (1) на овој член, Претседателот на Одборот на Директори или физичкото лице коешто тој ќе го овласти, подготвува записник во којшто се евидентираат одлуките. Записникот го потпишува Претседателот на Одборот на Директори, а во негово отсуство друг член на Одборот на Директори, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето согласност за одлуката којашто ја донеле без одржување состанок.
Одлуките донесени на ваков начин влегуваат во сила со денот на давањето на согласност од страна на сите членови на Одборот на Директори, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на влегување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

**Непотполн состав на Одборот на Директори**

**Член 74**

Ако одделни членови на Одборот на Директори, престанат да ги вршат своите функции во текот на мандатот или ако се спречени да ги вршат, другите членови на Одборот на Директори, продолжуваат со работа до пополнувањето на испразнетото место.
Ако бројот на членовите на Одборот на Директори, се намали под бројот определен со Статутот, но не помал од минималниот број определен со законот, Одборот на Директори може во рок од 90 дена од денот кога на членот му престанала функцијата, да го пополни неговиот состав со избор на вршител на должноста член на Одборот Директори, до наредната седница на Собранието. Донесените одлуки и преземените правни работи и дејствија од страна на Одборот на Директори, остануваат полноважни.
Ако бројот на членовите на Одборот на Директори, се намали под бројот определен со закон, преостанатите членови мораат во рок од три дена да свикаат Собрание за да се пополни составот на Одборот на Директори. Ако Собранието не биде свикано во овој рок, истото го свикуваат неизвршните членови на Одборот на Директори, во рок од три дена по истекот на претходниот рок.
Ако Одборот на Директори не изврши избор на вршител на должноста член на Одборот на Директори, а преостанатите членови на Одборот на Директори не го свикаат Собранието, односно ако неизвршните членови на Одборот на Директори не го свикаат Собранието во роковите од ставовите

2 и 3 на овој член, секое лице кое има правен интерес може, со предлог, да бара од судот да определи физичко лице кое ќе го свика Собранието.

**Отповикување на Одборот на Директори**

**Член 75**

Собранието може да ги отповика сите членови на Одборот на Директори, односно негов член и пред истекот на времето за коешто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на Собранието.

Извршен член на Одборот на Директорите може да биде отповикан од страна на Одборот на Директорите во кое било време, со или без образложение. На отповиканиот извршен член му мирува својството на член во Одборот на Директорите до наредното Собрание на коешто ќе се одлучи дали ќе биде отповикан пред истекот на мандатот за којшто е избран.

Ако Собранието донело одлука за отповикување на сите членови на Одборот на Директорите, односно на негов член, на истата седница избира нови членови на Одборот на Директорите, односно нов член на местото на отповиканиот член ако Собранието одлучи така и ако на Собранието на акционерите, во писмена форма, им се достават податоците за кандидатите коишто треба да бидат избирани.

На член на Одборот на Директорите му престанува мандатот и кога Собранието не ќе ја одобри работата на Одборот на Директори односно на некој од неговите членови.

Одлуката на Собранието за отповикување на Одборот на Директори, односно на нивен член влегува во сила од денот на донесувањето.

**Член 76**

Член на Одборот на Директорите може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал, освен кога интересите на друштвото не наложуваат нешто друго.

Потписот на членот на Одборот на Директорите на известувањето за оставката се заверува кај нотар.

По поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на друштвото го наложуваат тоа, Одборот на Директорите, може да го обврзе членот кој дал оставка да продолжи да ја врши функцијата се до изборот на нов член, но не подолго од 60 дена. Се смета дека на членот на Одборот на Директорите му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката, во писмена форма, освен ако во известувањето не е наведен некој друг датум. Врз основа на известувањето за оставката, се поднесува пријава за бришење на уписот во трговскиот регистар на членот на Одборот на Директори кој дал оставка.

**НЕИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**Член 77**

За неизвршен директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите наведени во Законот за трговските друштва и Законот за супервизија на осигурување.

**Овластувања на неизвршните членови на Одбор на Директори**

**Член 78**

Неизвршните членови на Одборот на Директорите, имаат најшироки овластувањата во вршењето на правото на надзор над водењето на работењето од страна на извршните членови, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока. За вршење одделни стручни работи од надзорот, истите можат да задолжат кое било вработено лице во друштвото или друго стручно лице.

Во вршењето на надзорот, Претседателот на Одборот на Директори или кој било неизвршен член, овластениот ревизор или друго лице определено со овој Статут или акционери кои претставуваат најмалку една десеттина од акциите со право на глас, можат да бараат свикување состанок на Одборот на Директори. Барањето се доставува до Претседателот на Одборот на Директори.
Покрај овие надлежности неизвршните членови на Одборот на Директори ги има и следните надлежности:

1) ги одобрува одлуките донесени од страна на органот на управување по однос на деловната политика на друштвото за осигурување;
2) ги одобрува одлуките донесени од страна на органот на управување по однос на финансискиот план на друштвото за осигурување;
3) ги одобрува одлуките донесени од страна на органот на управување во врска со воспоставување на системот за внатрешна ревизија;
4) ја одобрува годишната програма за внатрешна ревизија донесена од страна на органот на управување;
5) донесува одлуки по други прашања согласно закон.

**Овластувања коишто не можат да се пренесат врз извршните членови**

**Член 79**

Одборот на Директори не може да ги пренесе врз извршните членови овластувањата кога се одлучува за:

1) затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото;
2) намалување или проширување на предметот на работење на Друштвото;
3) суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;
4) воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или нејзино прекинување;
5) основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на Друштвото и
6) основање и престанување на подружници на Друштвото.

**Одговорности на членовите на неизвршните членови во друштво за осигурување**

**Член 80**

Неизвршните членови на Одборот на Директори се должни да:

1) спроведуваат супервизија на адекватноста на постапките и ефикасноста во работењето на внатрешната ревизија;
2) расправаат за наодите на Агенцијата за супервизија на осигурување , даночната инспекција и други надлежни органи, во постапката за спроведување на супервизија на Друштво;
3) ги ревидираат годишните извештаи и деловните биланси на Друштвото и изготвуваат мислење по истите;
4) изготвуваат мислење по однос на годишниот извештај на внатрешната ревизија и годишниот извештај на извршните членови на Одборот на Директори и истите ги доставуваат до Собранието на акционери на Друштвото на усвојување.

**Член 81**

Неизвршен член на Одборот на Директори е должен веднаш писмено да го извести Одборот на Директори за следното:

1) именување или истекување на мандатот во надзорни органи на други правни лица;

2) трансакции врз основа на кои членот на надзорниот орган или негови блиски роднини, директно или индиректно се стекнале со акции или удели во некое правно лице врз основа на што, учеството на членот на органот на управување заедно со неговите блиски роднини во тоа правно лице, го надминало нивото на квалификувани удели, како и во случај неговото учество да се намалило под нивото на квалификувани удели во тоа правно лице.

**Право на награда на неизвршните членови на Одборот на Директори**

**Член 82**

Собранието со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок за неизвршните членови на Одборот на директори, кои не се во работен однос во ГРУПАЦИЈАТА на КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ д.д. или АДРИС Групацијата ДД. Неизвршните членови на Одборот на директори, кои не се во работен однос во ГРУПАЦИЈАТА на КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ д.д или АДРИС Групацијата ДД имаат право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

**ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ**

**Член 83**

Извршните членови на Одборот на Директори се назначуваат од редот на членовите на Одборот на Директори избрани од страна на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот на Директори.
Во случај кога се именувани повеќе од еден извршен член, Одборот на Директори со мнозинство од своите членови определува еден од извршните членови на Одборот на Директори, кој ќе го носи називот Генерален Директор (во натамошниот текст: Генерален Директор).
Во случај кога е именуван само еден извршен член, терминот „Генерален Директор" кој е употребен во овој Статут се однесува на него.
Согласно овој Статут извршните директори претставуваат Управен орган на друштвото.

**Услови за именување на извршни членови на Одборот на Директори**

**Член 84**

За извршен член на Одборот на Директори може да се именува лице кое ги исполнува условите предвидени со Законот за трговските друштва и Законот за супервизија на осигурување.
За вршење на функција извршен член на Одборот на Директори потребно е добивање на претходна согласност за вршење на функцијата извршен член на Одборот на Директори од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

**Овластувања на извршните членови на Одборот на Директори**

**Член 85**

Со исклучок на овластувањата за коишто со закон и овој Статут изречно е определено дека ги врши Одборот на Директори, извршните членови го водат работењето на Друштвото и имаат најшироки овластувања да ги вршат сите работи сврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на Одборот на Директори и вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствуваат во сите околности од името на друштвото.
Одборот на Директори им го доверува на извршните членови застапувањето на Друштвото во односите со трети лица.
Ако Одборот на Директори избере повеќе од еден извршен член, го назначува членот кој го води работењето на извршните членови и на чиј предлог Одборот на Директори ги утврдува внатрешната организација и начинот на којшто се врши координацијата на водењето на работењето на друштвото.

Извршните членови, заради извршување на овластувањата од ставот 1 на овој член, можат да назначат раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на Друштвото во согласност со одлуките, насоките и налозите на извршните членови на Одборот на Директори.

**Одговорности на извршните членови на Одборот на Директори**

**Член 86**

Извршните членови на Одборот на Директори се должни да:

1) обезбедат Друштвото да работи согласно со правилата за управување со ризик, согласно законите кои го регулираат работењето на друштвата за осигурување;
2) вршат контрола над ризиците од работењето на Друштвото, како и да преземаат соодветни мерки за управување со тие ризици;
3) воспостават систем на внатрешна контрола во сите делови од работењето на Друштвото, како и систем на внатрешна ревизија со што ќе се обезбеди работењето на Друштвото да биде во согласност со закон, и
4) обезбедат дека Друштвото ги води трговските книги и останатата сметководствена документација, ги вреднува ставките во деловните биланси, изготвува годишни извештаи како и извештаи до Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно закон.

**Член 87**

Извршните членови на Одборот на Директори, најмалку еднаш во три месеца му поднесуваат на Одборот на Директори, пишан извештај за работењето на Друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото.

На барање на неизвршните членови на Одборот на Директори, извршните членови на Одборот на Директори, составуваат посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање од неговото работење.

На барање на најмалку една третина од неизвршните членови на Одборот на Директори, извршните членови на Одборот на Директори, се должни во разумен рок да ги подготват сите документи и известувања потребни за вршење на надзор над неговата работа.

**Член 88**

Извршните членови на Одборот на Директори се должни веднаш писмено да го известат Одборот на Директори доколку:

1) е загрозена ликвидноста или солвентност на Друштвото;
2) постојат причини за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување или за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување во одделна класа на осигурување;
3) финансиската состојба на Друштвото се променила со што Друштвото повеќе не го обезбедува потребното ниво на маргина на солвентност согласно закон.

**Член 89**

Извршните членови на Одборот на Директори се должни веднаш писмено да го известат Одборот на Директори за следното:

1) именување или истекување на мандатот во надзорни органи на други правни лица
2) трансакции врз основа на кои извршниот член на Одборот на Директори или негови блиски роднини, директно или индиректно се стекнале со акции или удели во некое правно лице врз основа на што, учеството на членот на органот на управување заедно со неговите блиски

роднини во тоа правно лице, го надминало нивото на квалификувани удели, како и во случај неговото учество да се намалило под нивото на квалификувани удели во тоа правно лице.

**Член 90**

Сите други права, овластувања и одговорности на извршните членови на Одборот на Директори, кои не се утврдени со законот и со овој Статут, ќе бидат поблиску уредени со договорите за работа (менаџерски договори) склучени помеѓу Одборот на Директори и извршниот член.

**Член 91**

Извршните членови на Одборот на Директори се во постојан работен однос во Друштвото.

**Право на награда на извршните членови на Одборот на Директори**

**Член 92**

Извршните членови на Одборот на Директорите, имаат право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права.

За работата на извршните членови на Одборот на Директорите, Собранието може со одлука да им одобри и учество во добивката. Учеството, по правило, се состои од учество со дел од годишната добивка на Друштвото (исплата во пари, акции, тантиема, бонус или друг начин). Одобреното учество во годишната добивка на Друштвото се пресметува на делот од годишната добивка што останува по намалувањето на остварената добивка за износот од вкупните загуби пренесени од претходните години, и за износите што се издвојуваат за законски и за статутарни резерви.Правата на извршните членови на Одборот на Директорите, се уредуваат со договорот од член 90 на овој Статут соодветно на видот и обемот на договорените задачи, работноправниот статус на нивниот личен придонес во успешноста на работењето на Друштвото.

**ОДБОР ЗА РЕВИЗИЈА**

**Член 92а**

Одборот за ревизија брои 3 члена, со мандат од 4 години.

Одборот за ревизија го сочинуваат:

- лица избрани од страна на собранието на Друштвото, при што мнозинството членови на одборот за ревизија мора да бидат независни членови

Членовите на одборот за ревизија избираат претседател од редот на независните членови на одборот. Најмалку еден член на одборот за ревизија мора да има познавања од сметководството и/или ревизијата.

Членовите на одборот за ревизија како целина мора да имаат познавања (компетенции) релевантни за секторот во кој работи Друштвото.

Одборот за ревизија ги врши особено следниве работи:

- ја следи законската ревизија на финансиските извештаи,
- ја следи усогласеноста на работењето на Друштвото со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи,
- го следи процесот на ревизија на Друштвото и ја оценува работата на друштвото за ревизија или на овластениот ревизор - трговец поединец,
- предлага друштвото за ревизија и

- -ја следи работата и ја оценува ефикасноста на внатрешната ревизија и системите на управување со ризик

Одборот на ревизија донесува Деловник за работа во кој подетално ги регулира прашањата за начинот на свикување, раководење на седниците на Одборот на ревизија, известување на членовите и слично.

## УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО ДРУШТВОТО

### Член 93

Односите во Друштвото се уредуваат со овој Статут, правилниците, процедурите, упатствата и одлуките и други акти со кои се уредуваат општите прашања.

Собранието на Акционери и Одборот на Директори ги носат само оние акти кои согласно со позитивните закоснки и подзаконски прописи на Република Северна Македонија или согласно овој Статут треба да ги донесат.

Сите други акти ги носи Генералниот Директор, или лице овластено од него.

## АКТИ НА ДРУШТВОТО

### Член 94

Друштвото, во своето седиште, мора да ги чува следниве акти и документи:

1) Статутот и другите акти, како и сите нивни измени и дополнувања,заедно со пречистените текстови;
2) записниците и сите други документи од сите Собранија на акционерите;
3) записниците и одлуките од состаноците на Одборот на Директори;
4) годишните сметки и финансиските извештаи коишто треба да се чуваат според закон;
5) прилози (исправи и докази) коишто се поднесени до трговскиот регистар;
6) сите јавни повици и проспекти за издавање акции и други хартии од вредност на Друштвото;
7) целокупната писмена кореспонденција на Друштвото со неговите акционери;
8) ажурирана листа со имиња и презимиња и адреси на сите избрани членови на Одборот на Директори;
9) документите за залог и хипотека;
10) извештајот на овластениот ревизор и извештајот на овластениот проценител;
11) гласачките ливчиња и полномоштвата за учество на Собранието во оригинал или копија;
12) колективниот договор на ниво на Друштвото
13) целокупната документација поврзана со одобрувањето на зделката со заинтересирана страна и
14) други акти и документи предвидени со закон и со Статутот.

Актите на Друштвото кои се наменети за објава се објавуваат на огласната табла на Друштвото или на неговата интернет страница.

### Член 95

Друштвото носи акти на деловната политика (општи или посебни услови за осигурување по класи на осигурување, тарифи на премии по групи и класи на осигурување, правилник за формирање на технички резерви на осигурување и политика за управување со средствата, правилник за пласирање на средствата на техничките резерви, правилник за формирање фонд за превентива и управување и користење на фондот, програма за потребите од реосигурување, правилник за остварување на регреси) план за работа, акт за управување со ризик и други акти за кои е обврзано по закон да ги носи, а со содржина, периодика и во согласност со Законот за супервизија на осигурување и другите позитивни прописи.

Доколку е законски обврзано да го стори истото, Друштвото ја известува Агенцијата за супервизија за осигурување за носење на актите од став 1 на овој член

**Член 96**

Толкување на актите на Друштвото дава оној орган кој ги донел.
На истиот начин на кој е објавен актот мора да биде објавено и толкувањето на тој акт, ако актот бил објавен.

**Право на информирање**

**Член 97**

На секој акционер мора да му се обезбеди право на увид во актите и другите документи на Друштвото од членот 94 на овој Статут, во седиштето на Друштвото.
Правото на информирање за записниците и одлуките од состаноците на Одборот на Директори акционерите го остваруваат преку неизвршните членови на Одборот на Директори.
Друштвото може да бара од акционерот кој бара увид, претходно да го информира Друштвото за увидот, во рок не подолг од три дена пред денот на бараниот увид. Друштвото може да бара акционерот да ги плати трошоците за бараните копии, коишто не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.
Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен на акционерите, ако остварува пред надлежен орган некое право определено со закон, со Статутот и со друг акт на Друштвото, или ако тие веќе не се јавно објавени.

**СТАТУТ НА ДРУШТВОТО**

**Член 98**

Овој Статут е основен акт на Друштвото.
Сите останати акти на Друштвото мора да бидат во согласност со Статутот, а Статутот со законот.
Одредбите на другите акти, било општи било поединечни, кои би биле во спротивност со овој Статут или со законот, нема да се применуваат.
Измените и дополнувањата на овој Статут како и на сите останати акти на Друштвото се донесуваат со истата постапка со која се донесени.

**Постапка за измена на Статутот**

**Член 99**

Статутот се менува со одлука за измена на статутот во согласност со Законот за трговските друштва и Законот за супервизија на осигурување.
Постапка за измена на Статутот можат да покренат Одборот на Директори, како и акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас. Иницијативата во форма на амандмани се доставува до Одборот на Директори.
Предлогот на одлуката за измена на Статутот во којшто се наведени предложените измени, без разлика на тоа кој ја дал иницијативата, го утврдува Одборот на Директори. Утврдениот предлог на одлука за измена на статутот мора да биде образложен. Вака утврдената предлог одлука на Одборот на директори за измена на статутот, се доставува до Агенцијата за супервизија на осигурување, за стекнување на претходна согласност, во постапка утврдена со закон.

**Член 100**

Одлуката за измена на статутот ја донесува Собранието со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието.
Собранието со одлуката за измена на статутот го овластува Одборот на Директори, да подготви пречистен текст на Статутот во којшто се внесуваат измените извршени со одлуката за измена на статутот, како и одредбите од одлуките кои имаат карактер на одлука за измена на статут утврдени со овој Статут или со закон.

Измената на статутот влегува во сила со денот на донесувањето на одлуката за измена на статутот, освен ако со одлуката за измена на статутот не е определен друг датум на влегување во сила, а произведува правно дејствие по стекнувањето на согласност од Агенција за супервизија на осигурување.

## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

**Член 101**

Друштвото формира, одржува и управува со техничките резерви, еквилизационите резерви, резерви за сигурност, гарантниот фонд и гарантниот капитал во согласност со Законот за супервизија на осигурување и другите позитивни прописи на Република Северна Македонија.

Друштвото може да формира и фонд за превентива со посебна одлука на Одборот на директори и во согласност со Законот за супервизија на осигурување и другите позитивни прописи на Република Северна Македонија.

При своето работење и при изборот на видовите вложувања на средства, Друштвото е должно да постапува на начин кој ќе обезбеди сигурност, профитабилност и ликвидност.

**Член 102**
**(избришан)**

**Член 103**
**(избришан)**

**Член 104**
**(избришан)**

**Член 105**
**(избришан)**

**Член 106**
**(избришан)**

**Член 107**
**(избришан)**

**Член 108**
**(избришан)**

**Член 109**
**(избришан)**
**Член 110**
**(избришан)**

**Член 111**
**(избришан)**

**Член 112**
**(избришан)**

**Член 113**
**(избришан)**

## ДЕЛОВНИ КНИГИ И ГОДИШНА ПРЕСМЕТКА

**Член 114**

Друштвото е должно да води трговски книги и да подготвува годишен извештај, да составува сметководствени документи, да ги вреднува ставките во деловните биланси и годишните пресметки и да ја информира јавноста за податоците од годишниот извештај согласно со Законот за трговските друштва, Законот за супервизија на осигурување и другите прописи.

**Член 115**

Друштвото води трговски книги според контниот план наменет за друштвата за осигурување.
При подготовка на деловните биланси Друштвото користи шеми за биланси наменети за друштвата за осигурување.

**Член 116**

Друштвото подготвува годишна пресметка за деловната година која е еднаква на календарската година и ја доставува до Агенцијата за супервизија на осигурување во првите три месеци на тековната година за претходната година.
Друштвото ја составува годишната пресметка врз основа на вистинити податоци.
Рок на изработка на годишната пресметка изнесува два месеци по истекот на деловната година, освен ако надлежниот државен орган не го продолжи овој рок.
Со годишната пресметка Друштвото ќе состави и пресметка за дел од деловната година (пробен период), за време одредено од Одборот на Директори.

**Член 117**

Друштвото за осигурување е должно финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи да ги поднесе на ревизија, согласно законската регулатива.

**Член 118**

Годишниот извештај на Друштвото мора да вклучува и потврда од овластен актуар, што го вклучува и мислењето на актуарот за тоа дали премиите и техничките резерви се пресметани согласно со законот.
За потврдата на овластениот актуар се применуваат одредбите на Законот за ревизија кои се однесуваат на потврдата од овластен ревизор.

**Член 119**

Собранието на Друштвото донесува одлука за употреба на добивката заедно со усвојувањето на годишната сметка, во форма и содржина пропишана со закон.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

**Член 120**

Неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото се должни да воспостават внатрешна ревизија како независна организациска единица која е директно одговорна и потчинета на неизвршните членови на Одборот на Директори, а функционално и организациски е одвоена од другите организациски единици на Друштвото.
Неизвршните членови на Одборот на Директори донесуваат правила за работа на Внатрешната ревизија.

Неизвршните членови на Одборот на Директори на крајот на секоја година, за наредната година, ја одобруваат годишната програма за работа на внатрешната ревизија изготвена од страна на Внатрешна ревизија.
Неизвршните членови на Одборот на Директори врз основа на годишната програма за внатрешна ревизија донесуваат подетален план за работа на внатрешната ревизија.

**Член 121**

Внатрешниот ревизор извршува потполна ревизија на работењето на Друштвото со цел да се утврди следното:

- Дали Друштвото ги извршува работите на осигурување согласно со законот и со внатрешните прописи на Друштвото со кои се уредува работењето на Друштвото
- Дали Друштвото води трговски книги и подготвува годишни извештаи, составува сметководствени документи, ги вреднува ставките во деловните ставки и годишните пресметки и ја информира јавноста за податоците од годишниот извештај согласно со законот и внатрешните прописи на Друштвото со кои се уредува работењето на Друштвото.

**Член 122**

Внатрешниот ревизор не смее да извршува други работи во Друштвото.
Членовите на Одборот на Директори не можат да извршуваат работа на внатрешната ревизија.

**Член 123**

Внатрешниот ревизор е должен најмалку два пати годишно да подготвува извештај за спроведена внатрешна ревизија, со содржина согласно со Законот.
Освен Извештаите од став 1, Внатрешна ревизија е должна да изготви Годишен извештај за ревизија со содржина дефинирана согласно Законот.
Внатрешниот ревизор е должен извештаите од став 1и 2 да ги поднесе до Неизвршните членови на Одборот на Директори на мислење.
Неизвршните членови на Одборот на Директори се должни годишниот извештај на внатрешната ревизија, заедно со мислењето на Неизвршните членови на Одборот на директори, да ги достават до Собранието на Акционери, а во рок од 8 дена од денот на усвојување од страна на Собранието на акционери да ги достават до Агенцијата за супервизија на осигурување.
Годишниот извештај за Внатрешната ревизија заедно со мислењето од Неизвршните членови на Одборот на директори задолжително се става на дневен ред на годишното Собрание на Друштвото заедно со ревизорскиот извештај на Друштвото.

## ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ

**Член 124**

Друштвото е должно сите податоци за осигурениците и/или другите корисници на осигурување да ги третира како доверливи податоци.
Членовите на Одборот на Директори, акционерите на Друштвото, работниците на Друштвото, како и сите други лица кои во својата работа имаат пристап до податоците кои во Друштовото се сметаат доверливи, не смеат да ги пренесуваат податоците на трети лица, не смеат пренесуваат на трети лица, самите или пак трети лица да дозволат да ги употребуваат.
Обврската за чување на доверливи податоци нема да се применува во случаи кои се посебно утврдени со законот.

**Член 125**

Како деловна тајна се сметаат документи, исправи и податоци кои се однесуваат на работењето на Друштвото.

Одборот на Директори донесува акт со кој се уредува кои акти и податоци од работењето на Друштвото се сметаат доверливи.

**Член 126**

Секое постапување со деловната тајна спротивно со законот, овој Статут и другите акти со кои се уредува тоа прашање, се смета за повреда на работните обврски.

**Член 127**

Должноста чување на деловна тајна трае пет години од денот на престанување на работниот однос во Друштвото односно престанување на Друштвото.

## ОВЛАСТЕН АКТУАР

**Член 128**

Друштвото ќе ангажира овластен актуар и за тоа ќе ја извести Агенција за супервизија на осигурување, согласно посебен закон.

## ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 129**

Друштвото престанува на еден од начините предвидени во Законот за трговските друштва.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 130**
**(избришан)**

**Член 131**

Овој Статут влегува во сила на денот на донесувањето, а произведува правно дејство по добивање на Согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување и уписот на Статутот во Трговскиот регистар.

Претседател на Одбор на директори
Роберт Вучковиќ

---------------------------------------------